РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
УП 1 бр. 08 - 192
16.06.2023 година
С к о п ј е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21), точка 5 од Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, Уп1 бр.08-98 од 09.03.2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.55/23) и точка 10 од Конкурсната документација за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, Уп1 бр.08-98 од 09.03.2023 година, а во врска со член 72, 73, 74 и 75 став 1 од истиот Закон, член 93 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, постапувајќи по Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, поднесена од Универзитетот во Тетово – Република Северна Македонија, Тетово, Уп1 бр.08-192 од 17.05.2023 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-2414/3 од 15.06.2023 година, на 19-та седница одржана на 15.06.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово**
**Уп1 бр.08-192 од 17.05.2023 година**

1. СЕ ОДБИВА Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, поднесена од Универзитетот во Тетово – Република Северна Македонија, Тетово, Уп1 бр.08-192 од 17.05.2023 година, поради тоа што не ги исполнува програмските услови утврдени во Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, Уп1 бр.08-98 од 09.03.2023 година, и тоа:

- поради грешки во пополнувањето на документите од програмски аспект (Програмски концепт, Неделна програмска шема и Опис на планираните програмски содржини/емисии), не може да се изврши бодување, односно во Образецот за програмски концепт подносителот на барањето не прикажал колку часа програма ќе бидат емитувани во денот недела, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

медиумски услуги непрофитните радија треба да емитуваат најмалку 4 часа програма дневно во текот на неделата;

- податоците за времетраењето на програмите прикажани во Структурата на планираната неделна програма од Образецот за програмски концепт се разликуваат од податоците за времетраењето на видовите програми прикажани во Неделната програмска шема и во Описот на планираните програмски содржини. Различни податоци се евидентирани кај програмите од сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна); и

- поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт, истиот не може да се користи како основа за идни оценки на спроведувањето на програмскиот концепт во согласност со член 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) во врска со Писмото за намера за отворање радио од заинтересирана страна, Универзитетот во Тетово – Одделение за научно истражувачка дејност, Тетово, арх.бр.02-32/1 од 01.02.2023 г. (наш арх.бр.08-611/1 од 01.02.2023 г.), Известувањето во врска со барањето информација за слободна фреквенција за емитување на радио програма на локално ниво за град Тетово од Агенција за електронски комуникации арх.бр.0805-449/2 од 17.02.2023 г. (наш арх.бр.08-611/4 од 20.02.2023 г.) и Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, арх.бр.03-986/1 од 03.03.2023 г., на својата 9-та седница одржана на 08.03.2023 г. донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа наменет за студентската популација, на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, Уп1 бр.08-98 од 09.03.2023 г., на албански и македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа:107.2 MHz. Цитираната Одлука беше објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/23 и во два дневни весника: „Слободен печат“ и „Коха“, на 14.03.2023 г. Одлуката е објавена на веб страната на Агенцијата (www.avmu.mk).

Краен рок за поднесување на пријави за учество на јавниот конкурс беше до 15.05.2023 г., односно кандидатите на конкурсот требаше да поднесат пријава во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Во Агенцијата, на 17.05.2023 г., пристигна 1 (една) Пријава од Универзитетот во Тетово – Република Северна Македонија, Тетово, заверена со Уп1 бр.08-192 од 17.05.2023 година, за учество на јавниот конкурс, испратена на 12.05.2023 година, во законски предвидениот рок, со придружна документација.

Јавното отворање на доставената Пријава за учество на јавниот конкурс од горенаведениот кандидат, се одржа 5 (пет) дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите, односно на 22.05.2023 г., на кое поднесената пријава беше разгледувана од аспект на тоа дали истата е уредна, навремена и комплетна, односно дали ги содржи сите документи утврдени во член 73 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ). На јавното отворање се водеше Записник од јавното отворање на пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво на подрачјето на општина Тетово Уп1 бр.08-192 од 22.05.2023 г.

Согласно член 74 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата ги оценува пријавите врз основа на следниве критериуми: предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production) и продукција на македонски аудио или аудиовизуелни дела; квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините, со што ќе се даде придонес за поголема разновидност и плурализам на македонскиот пазар; застапеноста на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура; предвидена застапеност на програми од независни продуценти и на европски аудиовизуелни дела; техничките услови за производство на програмите; просторните услови за вршење на дејноста; бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста; финансиската способност за остварување на дејноста за времето за кое се доделува дозволата и понудените гаранции; понуден рок на започнување со вршење на дејноста; и понудено време на дневно емитување.

Во член 74 став 3 од ЗАВМУ е пропишано дека Агенцијата во одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско или радио емитување, го утврдува начинот на бодирање на критериумите од напред цитираниот став 1 од овој член, при што на критериумите: предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production) и продукција на македонски аудио или аудиовизуелни дела), квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините, со што ќе се даде придонес за поголема разновидност и плурализам на македонскиот пазар ) и застапеноста на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура), треба да им биде доделен најголем дел од вкупниот број на бодови.

Во периодот од 23.05.2023 г. до 31.05.2023 г., од страна на надлежните Сектори во Агенцијата се пристапи кон оценување на поднесената пријава по предметниот јавен конкурс, врз основа на критериуми утврдени во табелата во точка 5 од Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, Уп1 бр.08-98 од 09.03.2023 година.

Критериумите утврдени во табеларниот преглед во точка 5 од напред цитираната одлука за објавување на јавен конкурс, се применуваат на начин што: Секторот за програмски работи ги оценува критериумите: предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production) и продукција на македонски аудио дела – точка 1 од табелата, квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините – точка 2 од табелата, застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура - точка 3 од табелата, застапеност на информации и содржини од значење за целната група од подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис, во текот на неделата - точка 4 од табелата и понудено време на дневно емитувана програма - точка 7 од табелата; Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права го оценува критериумот: бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста (најмалку 3 вработени, од кои 2 новинари со ВСС) - точка 5 од табелата; Секторот за финансии и логистика го оценува критериумот: финансиска способност за остварување на дејноста и понудени гаранции - точка 9 од табелата; Секторот за информатичка поддршка и општи работи ги оценува критериумите: технички услови за производство на програмите - точка 6 од табелата, просторни услови за вршење на дејноста - точка 8 од табелата и понуден рок на започнување со вршење на дејноста - точка 10 од табелата.

По разгледување на предметната Пријава и пропратната документација, Секторот за информатичка поддршка и општи работи изврши бодување при што додели 16 бода, Секторот за финансии и логистика додели 7 бода, а Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права додели 10 бода.

Секторот за програмски работи при разгледувањето на предметната Пријава констатираше дека иако се доставени сите документи од програмски аспект (Програмски концепт, Неделна програмска шема и Опис на планираните програмски содржини/емисии), поради грешки во пополнувањето на истите, не може да се изврши бодување, односно во Образецот за програмски концепт подносителот на барањето не прикажал колку часа програма ќе бидат емитувани во денот недела, а согласно Законот

за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги непрофитните радија треба да емитуваат најмалку 4 часа програма дневно во текот на неделата; податоците за времетраењето на програмите прикажани во Структурата на планираната неделна програма од Образецот за програмски концепт се разликуваат од податоците за времетраењето на видовите програми прикажани во Неделната програмска шема и во Описот на планираните програмски содржини. Различни податоци се евидентирани кај програмите од сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна) и поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт, истиот не може да се користи како основа за идни оценки на спроведувањето на програмскиот концепт во согласност со член 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, во Т.4 од Образецот за програмски концепт (Колку часа дневно и колку часа неделно ќе емитува програма), подносителот на барањето не прикажал колку часа програма ќе бидат емитувани во денот недела, а согласно ЗАВМУ непрофитните радија треба да емитуваат најмалку 4 часа програма дневно во текот на неделата. Во табелата од Т.8 (Структура на говорниот дел од планираната неделна програма), постојат повеќе проблеми со прикажаните податоци. Кај информативната и образовната функција постојат разлики во прикажаните времиња во табелата од Т.8 со податоците прикажани во Програмската шема (подетално споредбените податоци, разликите меѓу овие два документа, се дадени подолу, во рамки на точка 2). Погрешен е збирот на видовите програми со забавна функција. Во полето „Вкупно од колона 4“ погрешен е податокот, кој треба да е збир на вкупните времиња од трите функции, прикажани во четвртата колона. Нема податок во полето Други програмски сегменти, а според Т.5 (Структурата на планираната неделна програма), неделно е планирано да се емитуваат 2 часа други програмски сегменти. Збирот што е прикажан во последното поле од табелата „Вкупно од колона 3“ (9 часа) е погрешен. - Во Т.5 од Образецот (Структура на планираната неделна програма), во говорниот дел се пријавени 9 часа односно 12% говорен дел, додека според податоците кои се наведени во другите два документи, Програмска шема и Опис на планираните програмски содржини, збирот на говорниот дел е вкупно 36 часа и 35 минути. Во Т.5 од Образецот (Структура на планираната неделна програма), во делот на музиката пријавени се 67 часа односно 88%, додека според податоците кои се наведени во другите два документи, Програмска шема и Описот на планираните програмски содржини, збирот на музиката е вкупно 42 часа. Во Т.8 од Образецот (Структура на говорниот дел од планираната неделна програма), прикажаното вкупно времетраење на програмите со информативна функција, Вестите, е 2 часа и 30 минути. Збирот на прикажаните Вести на албански и македонски јазик во Програмската шема е 6 часа и 25 минути. Емисиите „Дневниот печат", „Културен информатор", „Најава на предвидените активности (УТ денес) и „Спорт", според Описот од страна на подносителот најверојатно припаѓаат во информативна функција, кои воопшто не се планирани во табелата од Т.8 (Структура на говорниот дел од планираната неделна програма) од Образецот за програмски концепт. Збирот на горенаведените емисии во текот на неделата достигнува вкупно 7 часа и 40 минути. Во Т.8 од Образецот (Структура на говорниот дел од планираната неделна програма), прикажаното вкупно времетраење на програмите со образовна функција е 4 часа. Збирот на прикажаните програми со образовен карактер во Програмската шема, според тоа како ги класифицирал подносителот и ги опишал во Описот на емисиите „Фокус" и „Студентски парламент", е 22 часа и 30 минути. Во Т.8 од Образецот (Структура на говорниот дел од планираната неделна програма), прикажаното вкупно времетраење на програмите со забавна функција е 3 часа. Во Програмската шема и во Описот на емисиите не се наведени со наслови и е нејасно дали станува збор за блокови со песни или во одредени ситуации станува збор за осмислени музички емисии, за кои, ако се тоа, треба да има опис во соодветниот документ.

Врз основа на сето погоре наведено, се одлучи Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, поднесена од Универзитетот во Тетово – Република Северна Македонија, Тетово, УП1 бр.08-192 од 17.05.2023 година, да се одбие, поради тоа што не ги исполнува програмските услови утврдени во Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување

на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, Уп1 бр.08-98 од 09.03.2023 година, согласно член 75 став 1 од ЗАВМУ. Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 19-та седница одржана на 15.06.2023 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-2414/3 од 15.06.2023 година донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**
- Подносителот на пријавата – Универзитетот во Тетово – Република Северна Македонија, Тетово;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите сектори/служба во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначените лица за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1);